ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**„ПАНКО БРАШНАРОВ" - ВЕЛЕС**
email ooupankobrashnarov@gmail.com

Тел. 043 231 189, 212-311 Ул.."Кресненско востание" 2 Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ПАНКО БРАШНАРОВ
Бр. 02-910/1
07.07 2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 108 точка 1 став 2 од Законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр. 161/19), Училишниот одбор на седницата на ден 7.07. 2025 година ја донесе следнава одлука:

ОДЛУКА

**За предлагање на извештај за самоевалуација за период од 2023-2025 година на ООУ „Панко Брашнаров" – Велес**

Член 1

Училишниот одбор го разгледа извештајот за самоевалуација за период 2023-2025 година на ООУ „Панко Брашнаров" – Велес и истата ја предлага на Советот на Општина Велес.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето

Претседател на Училишен одбор
Зага Колодезни

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ПАНКО БРАШНАРОВ
Бр. 01-901/1
04.07 2025 год.
ВЕЛЕС

# САМОЕВАЛУАЦИЈА
# 2023-2025 година

## ООУ „ПАНКО БРАШНАРОВ“
## Велес



ЈУЛИ, 2025 ГОДИНА

0

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | Општинско основно училиште „Панко Брашнаров“ |
| Адреса | Кресненско востание бр. 2, Велес |
| Телефон, е-пошта | 043/ 231-189<br>oоupankobrasnarov@gmail.com |
| Период на подготовка на СЕУ | март-јуни 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 715 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| Училишен директор | |
| Име и презиме | Валентина Стефанова |
| Потпис | |
| Датум | 4.07.2025 |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | Зага Колодезни |
| Потпис | |
| Датум | 07.07.2025 |

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1.1. Планирања на наставниците<br>1.2. Наставен процес<br>1.3. Искуства на учениците од учењето<br>1.4. Оценувањето како дел од наставата<br>1.5. Воннаставни активности и натпревари |

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Панко Брашнаров“-Велес

ПОДРАЧЈЕ 1:ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 1.1 Планирања на наставниците | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢ Годишна програма на училиштето учебна 2023/2024 и 2024/2025;<br>➢ Закон за основно образование; -Статут на училиштето;<br>➢ -Програма за професионален развој;<br>➢ Записници од наставнички и одделенски совети;<br>➢ Годишни и тематски планирања по<br>➢ наставни предмети и дневни планирања за учебна 2023/2024 и 2024/2025 година;<br>➢ Формулари за следење наставни часови;<br>➢ Интервју со стручната служба;<br>➢ Прашалник за наставен кадар<br>➢ Интервју со директор<br>➢ Чек листи за следење на часови;<br>➢ Стручна служба (годишни<br>➢ извештаи заизминатите две учебни години);<br>➢ Стручни активи (записници од одржани состаноци на актив);<br>➢ Наставници (годишни програми,<br>➢ неделни и дневни планирања). | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, со процент на реализација над 97%. Разликите што се присутни се однесуваат на неможноста за реализација на некои часови (пр.: посета на институции оддалечени од градот, мал број на ученици во паралелките, слаба материјална состојба на семејствата од кои потекнуваат учениците, други националности и сл.). Наставните планови и програми се според новата Концепција за основно образование и тоа во учебната 2022/2023 година се опфатени I, II, IV и V а III, VI до IX одделение реализраа настава по стара програма. Во учебната 2023/2024 се опфатени и III и VI одделние додека VII, VIII и IX се реализираа настава според старата наставна програма.Во учебната 2024/2025 година новата Концепција не се примени во останатите одделенија, се планира за следната учебна година.<br>Програмите се реализираат со сите ученици, но барањата се прилагодуваат спрема способноста на учениците. Предметите кои се предаваат од прво до деветто одделение се задолжителни и донесени од Министерството, а учениците можат да бираат само изборни предмети.<br>Анкетата има за цел да ги процени перцепциите, искуствата и предлозите на наставниците во однос на планирањето, реализацијата на наставата и оценувањето.<br>❖ Во анкетата која е спроведена со Прашалник за наставен кадар анкетирани се 48 наставници и се имаа изјаснето:<br>1.1 Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата - Поголем број од наставниците се согасуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и теники при планирање на наставата .<br>Во текот на наставната година најмалку два пати се следат планирањата на наставниците од страна на директорот, стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. Има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Стручната служба има изготвено формулари во кои има дескриптори според кои следи конкретни часови, определени по распоред на секој од наставниците. Часовите ги следат: |

| | | |
|---|---|---|
| | | педагогот, психологот, директорот.<br>На прашање од анкета одговорено е:<br>1.2.Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието од 48 анкетирани наставници - Поголем број од наставниците целосно се согласуваат дека директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.<br>Службата дава повратна информација на наставниците преку консултативни<br>разговори со јасни насоки кои работи треба да се променат, а кои работи се добри. Во прашалникот за наставен кадар –<br>1.3 Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети анкетираните (48) наставниците се изјаснија - Поголем број од наставниците се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет.<br>Во рамките на активите, се одржуваат состаноци во кои наставниците ги споделуваат искуствата и имаат консултативни средби и во рамките на подактивите. Во прашалникот за наставен кадар по прашањето<br>1.4 Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирањето на часовите, најмалку два пати во полугодието од 48 анкетирани наставници добиен е следниот одговор . Поголем број од наставниците се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку 2 пати во полугодие. Записниците и списоците од состаноците на стручни активи укажуваат на соработка помеѓу наставниците, каде се разменуваат идеи и примери на добра практика во планирањето и реализацијата на наставата.<br>Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>Според интервјуто на фокус – група на наставници училиштето треба да одбира кои обуки да ги спроведе преку анкети на наставниците кои треба да се изјаснат кои обуки ним им се потребни (да се земат предвид различните потреби од обуки) и преку анализа на планот за личен развој. |
| ➢ Годишна програма на училиштето;<br>➢ Состаноци на стручни активи;<br>➢ Тим за професионален развој; | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања);<br>➢Обуки;<br>➢Консултативни средби;<br>➢Соработка на ниво на подактиви;<br>➢Прашалник за наставен кадар | | различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.Според годишната програма на активот за одделенска настава во текот на годината одржани се 5 состаноци. Активот на предметни наставници одржал 7 состаноци за една учебна година. Професионалниот развој подразбира секојдневно професионално и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието. Активностите за професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој. Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво (стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 1.2 Наставен процес | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢Закон за основно образовние;<br>➢Статут на училиштето;<br>➢Наставници;<br>➢Стручна служба;<br>➢Годишна програма за работа на училиштето;<br>➢Распоред на часови; едневник; --педагошка евиденција и документација;<br>➢Анкети со наставници; ученици, родители;<br>➢Дискусии во фокус групи со ученици,<br>➢наставници и родители;<br>➢Интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>➢Извештаи од посети на | Реализација на наставни планови и програми | Законот за основно образование децидно ги пропишува критериумите и начинот на остварување на воспитно-образовната дејност. Законот за основно образование и правилниците за работа се Национални документи кои се донесени во согласност на МОН и БРО и ја претставуваат законската рамка во која работи училиштето, наставниот кадар и по кои се одвива воспитнообразовната дејност. Статутот подетално ја регулира работата на училиштето. ООУ „Панко Брашнаров “ , општина Велес е централно училиште и во рамките на истото работат и три ПУ во с. Башино село, с. Чалошево и с. Караслари. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случај на отсуство на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со |

| | | |
|---|---|---|
| наставни часови;<br>➢ Материјали од постапката за<br>➢ определување<br>изборни/слободни<br>➢ изборни предмети и<br>активности; -планирања за<br>изборни предмети. | | соодветен наставен кадар. Директорот на училиштето обезбедува непречен наставен процес. Кога некој од колегите е отсутен, се обезбедува соодветна замена. Стручната служба пред почетокот на наставната година ги проверува годишните планирања на наставниците, ги дополнува и изменува онаму каде што е потребно и дава насоки како да се подобрат. Стручната служба и одделенските раководители го следат внесувањето на податоци во електронските дневници и алармираат кај колегите кои заостануваат со пишувањето. Од записниците на одделенските совети и родителските средби се констатира континуираната грижа за учениците, реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и локалната средина. |
| ➢ Директор;<br>➢ Стручна служба;<br>➢ Водич за слободни изборни предмети;<br>➢ Годишна програма;<br>➢ Прашалник за родители<br>➢ Прашалник за ученици | Избор на наставни предмети | Наставните предмети кои се задолжителни се реализираат според Наставниот план кој е пропишан од МОН и БРО според Концепција за основно образование и Кембриџ програмата (7, 8 и 9) во учебната 2023/2024 година. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците. Според тоа се прави распоредот за наставниците. Во интервјуто со фокус-групата со ученици најголемиот дел од учениците се изјасниле дека имаат можност да изберат предмет, На исказот: Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети. во кои учествувам споеред моите интереси поголем дел се изјасниле дека целосно се согласуваат. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br>❖ Во анкетата во која се анкетирани 130 родители добиени се следните резултати:<br>1.1 Најголем број од родителите целосно се согласија дека во текот на учебната година, нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот.<br>1.2 Поголем број од родителите целосно се согласуваат со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности.<br>1.3 Поголем број од родителите целосно се согласуваат дека изборните предмети/активности нивното дете ги има изберено согласно своите интереси<br>❖ Во анкета се анкетирани 127 ученика од четврто до девето одделние |

| | | |
|---|---|---|
| | | добиени се овие резултати:<br>1.1 На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) Поголем број од учениците се изјасниле дека се согласуваат да учат на различни начини.<br>1.2 Сам/ сама ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси –поголем дел од учениците се изјасниле дека се согласуваат. |
| ➢Прашалник за наставен кадар<br>➢Програма на инклузивен тим;<br>➢ИОП | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна стручна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето дава поддршка на наставниците при изработка на ИОП и модифицирана програма низ консултативни средби. Во одделенијата со ученици со посебни потреби се вклучува по потреба во образовниот процес. Во прашалникот за наставниот кадар, наставниците се изјаснија дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците и дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава |
| ➢План за слободни ученички активности, воннаставни активности;<br>➢Анкета за ученици;<br>➢Прашалник за наставен кадар<br>➢Фокус група на ученици и наставници | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Нашето училиште промовира и обезбедува еднаквост за сите ученици независно од пол, етничка припадност, верска припадност или социјален статус.Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Во анкетата за ученици најголем дел од учениците велат дека на часовите можат да кажат слободно што мислат. Најголем дел од учениците велат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд. Во прашалникот за наставници, наставниците се изјаснија дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив. Во разговорот со фокус-групи произлезе дека наставниците имаат потреба за обуки во кои ќе научат игровни активности, мултимедија и едукативни компјутерски игри кои ќе ја подобрат интеракцијата. Најголем број од учениците одговориле дека часот се одвива во пријатна атмосфера, но потребно е почесто да се применуваат поразлични методи и техники на работа. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>➢Изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни<br>➢образовни потреби;<br>➢Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>➢Прашалник за наставен кадар<br>➢Индивидуален план за подобрување на инклузивноста во училиштето; | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и модифицирана програма по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. За учениците кои се категоризирани се изготвуваат ИОП или модифицирана програма додека со останатите ученици коишто имаат тешкотии во совладувањето на наставниот материјал се работи преку прилагодувањето на формите и методите за работа. Во училиштето има мобилен дефектолог кој им дава дополнителна поддршка на учениците со попреченост и соработка со ресурсниот центар Маца Ѓ. Овчарова. Уште неколку ученика со посебни потреби кои работат со ИОП се без асистент и 1 ученик по модифицирана програма е без образовен асистент. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. Училиштето располага со доволен број на образовна асистивна технологија. Дел од кадарот не е обучен да работи со асистивна техологија, вклучувајќи ги и стручните соработници. Училиштето нема рампа а има лифт кој сеуште не е во употреба. На првиот кат во училиштето има само тоалет прилагоден за ученици со физички попречености. |
| ➢Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ)Извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција<br>➢Акциски план<br>➢Тимот за училишна интеграција;<br>➢Интервју со координаторот на тимот за меѓуетничка интеграција; -Меморандуми за соработка;<br>➢Извештаи од реализирани МИО активности;<br>➢Прашалник за наставен кадар; | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Тимот за училишна интеграција нема никаква координација со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. Мал број од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека реализираат МИО активности со учениците според претходно направен план, а најголем број дека се согласуваат со таа изјава. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат четири работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по четири во рамките на нивните предмети. Во ООУ„Панко Брашнаров “ се реализира мулти-културно учење и на учениците им овозможува да развијат почитување ,како на сопствената така и на културите на другите етнички заедници што живеат во Република Северна Македонија.Учениците се учат на толеранција,почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество.Планирани се низа активности кои ќе ја вклучат |

| | | |
|---|---|---|
| | | меѓуетничката интеграција во наставата. Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најмногубројни се Македонците .Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен ентитет со кои би разменувале позитивни практики. Меѓу другото, во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни активности во кои се вклучени ученици од 1 до 9 одделение. Планирани се и активности со партнер училиштето „Лирија “од с.Јаболчиште во кои се вклучени ученици, наставници, родители, претставници од Општината и од бизнис секторот. Преку овие активности се подобрува соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто соработуваат со што ќе се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи. |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢ Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br>➢ Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;<br>➢ Разговор со стручна служба;<br>➢ Увид во ученичките досиеја;<br>➢ Увид во евиденцијата на стручните соработници<br>➢ Атмосферата во училницата;<br>➢ Индивидуални усни разговори<br>➢ со наставници и ученици;<br>➢ Разговор со стручна служба | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Во секоја училница се достапни и фукционални смарт табли. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br>Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.<br>❖ Во анкетата која е спроведена со наставен кадар се анкетирани 48 наставници и се имаат изјаснето на следниов начин.<br>1.5 „Задачите и активностите на часот ги приспособувам на индивидуалните потреби на учениците“На ова прашање од 48 анкетирани |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставници се изјасниле дека 48% целосно се согласуваат, 50% се согласуваат и 2% од наставниците одговориле со не знам или немам информација.<br>На прашањето 1.10„Кон учениците се однесувам со почитување“ 73% од наставниците целосно се согласуваат, додека 27% се согласуваат со тврдењето дека во нашето училиште сите ученици се почитувани без разлика на пол и етничка припдност.Ова докажува дека во нашето училиште се негува меѓусеба почит и разбирање меѓу учениците и наставниците.<br>1.11 „Ги разбирам потребите и проблемите на учениците“ на ова прашање ги добивме следниве резултати 65% целосно се согласуваат, 33% се согласуваат,и 2% не се согласуваат.<br>1.15.„Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати“ од 48 анкетирани наставници добиен е следниот одговор. 58% целосно се согласуваат,додека 42% се согласуваат во однос на ова прашање. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>1.16.„Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд“ 58% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат,односно тие редовно ги пофалуваат своите ученици за вложениот труд,додека 42%се согласуваат со ова прашање.Анкетирани се 48 наставници.<br>❖ Во анкетата која е спроведена со родители анкетирани се 130 родители и се имаат изјаснето на следниов начин.<br>1.7„Моето дете може слободно да се изрази на часовите“- од вкупно 130 анкетирани родители 56% родители целосно се согласуваат, 35% се спгласуваат,само мал број на родители 3% не се согласуваат и 2% целосно не се согласуваат во однос на ова прашање,додека по 2% родитетли не знаат или немаат информација.<br>1.8.„На моето дете повеќето часови му се интересни“ На ова прашање од 130 анкетирани родители 46% целосно се согласуваат, 44% се согласуваат 5%родители не се согласуваат, 2%целосно не се согласуваат, додека 3% од родителите одговориле дека не знаат. Поголем дел од учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење, училиштето им обезбедува пристап до различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот.<br>1.10.„Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете“ 41% |

| | | |
|---|---|---|
| | | родители целосно се согласуваат додека 39% од родители се согласуваат за ова прашање,но има и родители кои не се согласуваат тоа се 16%, и целосно не се согласуваат 5% од родители. Поголем дел од родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.<br>1.11„Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете“ на ова прашање целосно се согласуваат 46% родители,41% од родители се согласуваат,10% родители не се согласуваат, 1% родители целосно не се согласуваат, 2% родители одговориле дека не знаат.<br>1.13.„Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати“- 53% родители целосно се согласуваат, 39% од родители се согласуваат, 2% не се согласуваат и 2% целосно не се согласуваат,само 4% родители се изјасниле дека не знаат.<br>1.14.„Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд“- на ова прашање родителите се изјасниле на следниов начин – 54% родители целосно се согласуваат, 36% од родители се согласуваат, 5% не се согласуваат и 2% целосно не се согласуваат,додека 3% родители одговориле дека не знаат.<br>1.17„Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете“ на ова прашање 52% родители целосно се согласуваат, 44% родители се согласуваат,само мал дел на родители и тоа по 2% се изјасниле за секој следен понуден одговор не се согласуваат,целосно не се согласуваат или не знаат.<br>❖ Во анкетата која е спроведена со ученици анкетирани се 127 ученици и се имаат изјаснето на следниов начин.<br>1.14.„Наставниците ме пофалуваат за мојот труд“ од вкупно 140 ученици, 48% целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, 5% ученици не се согласуваат, 4% 4% целосно не се согласуваат,4% ученици не знаат ,додека 4% ученици немаат информација.<br>Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците,и секогаш ги пофалуваат за вложениот труд.<br>1.15.„Наставниците ме пофалуваат за моите резултати“ целосно се согласуваат 41% ученици,42% се согласуваат, 8% ученици не се согласуваат и 3% целосно не се согласуваат, 3% ученици не знаат и 3% ученици немаат информација.<br>1.16„Ако не знам нешто на часовите можам слободно да ги прашам наставниците“ на ова прашање ги добивме следниве резултати 60% ученици целосно се согласуваат, 34% од ученици се согласуваат, 3% од |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици не се согласуваат и 3% целосно не се согласуваат.<br>1.17.„На часовите можам слободно да кажам што мислам на ова прашање“ од 127 ученици целосно се согласиле 34%, 50% од ученици одговориле дека се согласуваат, 6% од учениците не се согласуваат и 6% ученици целосно не се согласуваат,само 4% ученици кој одговориле дека не знаат.<br>1.22.„Дали некој несоодвтено се однесувал кон тебе на училиште “од вкупно 127 ученици со не одговориле 72% ученици, додека со да се изјасниле 28% од ученици. |
| ➢Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br>➢Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;<br>➢Разговор со стручна служба;<br>➢Увид во евиденцијата на стручните соработници<br>➢Атмосферата во училницата;<br>➢Индивидуални усни разговори<br>➢со наставници и ученици;<br>➢Разговор со стручна служба | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Стручните соработници во соработка со наставниот кадар, на почетокот на учебната година ги идентификуваат учениците со потешкотии и надарени и талентирани ученици.Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Учениците кои имаат документ од МКФ се ученици кои се категоризирани и работат со ИОП, кој го изготвуваат наставниците во соработка со стручните соработници и образовните асистенти кои се во паралелките.<br>Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства.<br>1.14 Успешно соработувам со образовните асистенти На ова прашање 25% од наставниците целосно се согласуваат, 48% се согласуваат, 10% не се согласуваат, додека 17% од наставниците не знаат или немаат информација. |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢Програма за работа на училиштето;<br>➢Распоред за додатна и дополнителна настава;<br>➢Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; | Училишна политика за оценување | Оценувањето се врши според законските норми и прописи кои го регулираат оценувањето на ученикот во училиштето. Членовите на Стручната служба се произнесоа дека во процесот на оценување на учениците се користат предвидените методи и форми и дека тој процес се спроведува според критериуми. Наставниците го користат и методот на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците како и ученички портфолија за секој ученик . Учениците и родителите редовно се |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување;<br>➢Увид во педагошката евиденција и документација;<br>➢Записници од стручните активи, наставнички совет;<br>➢Анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/старателите; | | информирани за постигнувањата на учениците. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и во Главна книга, кои се водат редовно и навремено .<br>Давањето домашни задачи на учениците влијае за подобрување на успехот, а исто така и учеството на натпревари на учениците и нивните наставници – ментори е мотивирачко за поголеми резултати и подобар кариерен развој на наставниците.<br>❖ Во анкетата која е спроведена со Прашалник за наставен кадар анкетирани се 48 наставници и се имаат изјаснето:<br>1.17 На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања<br>- 65% целосно се согласуваат дека на учениците им се кажува што имаат добро научено, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат своите очекувања. 35% се согласуваат дека наставниците им кажуваат на учениците што имаат добро научено,а што дополнително треба да научат.<br>1.18 Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките<br>-67% целосно се согласуваат дека секој ученик е запознат со тоа што треба да знае и умее за секоја оценка. 31% се согласуваат, и 2 % не знам/немам информација.<br>1.19 На учениците им давам насоки како поуспешно да учат<br>-67% целосно се согласуваат дека наставниците на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат. 33% се согласуваат дека на учениците им се даваат насоки како поуспешно да учат.<br>1.20Применувам различни начини на оценување на учениците<br>-58% целосно се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците . 40% се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците,2% не се согласувам.<br>1.21.Учениците редовни ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериум и и сл).<br>-44% целосно се согласуваат дека учениците редовно се вклучени во процесот на оценување. 54% се согласуваат дека учениците редовно се вклучени во процесот на оценување, 2% не се согласувам.<br>❖ Во анкетата која е спроведена со Прашалник за родители анкетирани се 130 родители и се имаат изјаснето:<br>1.15.Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи<br>53% целосно се согласуваат дека наставниците редовно му даваат насоки на моето дете како подобро да учи. 36% се согласувам, 6% не се согласувам, 2% целосно не се согласувам, 2% не знам, и 1% немам информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1.16 Редовно сум известен/а за постигнувањето на моето дете на училиште ( не само на полугодие и на крај на година)<br>61% целосно се согласуваат дека наставниците  редовно ги известуваат родителите за постигнувањето на своето дете, 33% се согласувам, 5% не се согласувам, 1% не знам.<br>1.17.Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигнувањата на моето дете. -52% целосно се согласуваат дека можат да розговараат со наставниците за постигнувањата на моето дете, 57% се согласувам, 2% не се согласувам, 2% целосно не се согласувам 2% не знам.<br>1.18 Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет<br>40% целосно се согласуваат дека настевниците ги имаат запознаено со критериумите за оценување по секој предмет кој го предава на нивното дете,43% се согласувам, 11% не се согласувам,1% целосно не се согласувам 4% не знам, 2 % немам информација.<br>❖ Во анкетата која е спроведена со Прашалник за ученици анкетирани се 127 ученици и се имаа изјаснето:<br>1.10.Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оценка.<br>36% целосно се согласуваат дека учениците добиваат објаснување од наставниците зошто добиле одредена оценка,54% се согласувам, 6% не се согласувам,1% целосно не се согласувам, 2% не знам.<br>1.11 Оценувањето на сите ученици е праведно.<br>35% целосно се согласуваат дека оценувањето на сите ученици е праведно, 40% се согласувам, 12% не се согласувам,7% целосно не се согласувам 5% не знам, 1%немам информација.<br>1.12. Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начинот за нивно подобрување.<br>30% целосно се согласуваат дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начинот за нивното подобрување, 53% се согласувам, 11% не се согласувам,2% целосно не се согласувам 2% не знам, 2%немам информација.<br>1.13.Наставниците користат различни начини за проверка на моето знаење ( усна проверка, тестови, наставни листови и сл).<br>53% целосно се согласуваат дека наставниците користат различн начини за проверка на знаењето на учениците, 43% се согласувам,4% не се согласувам, 1% не знам. |
| ➢ Примери на оценети ученички трудови; | Методи, форми и инструменти на оценување | Наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Инструменти за индивидуализирани начини за проверка<br>➢Користени инструменти за оценување; | | истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба<br>❖ Во анкетата која е спроведена со Прашалник за наставен кадар анкетирани се 48 наставници и се имаа изјаснето:<br>1.1 Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата<br>58% целосно се согласуваат дека добиваат навремени обуки за примена на современи методи и техники за планирање на наставата, 38% се согласувам, 2% не се согласувам.<br>1.4.Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирање на часовите, најмалку два пати во полугодието<br>31% целосно се согласуваат дека во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирање на часовите, најмалку два пати во полугодието, 54% се согласувам, 13% не се согласувам, 2% целосно не се согласувам.<br>1.7 Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање на проблеми<br>50% целосно се согласуваат дека во наставата косристам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање на проблеми, 50% се согласувам.<br>1.9. На моите часови учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив.<br>58% целосно се согласуваат дека на часовите се работи на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив, 42% се согласувам.<br>1.12. Во текот на наставата учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор.<br>42% целосно се согласуваат дека Во текот на наставата учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор, 56% се согласувам,2% не се согласувам. |
| ➢Увид во педагошката евиденција и документација;<br>➢Записници од стручните активи, наставнички совет;<br>➢Интервју со стручна служба | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година.<br>Во нашето училиште се следи и анализира континуитетот на ученичкиот успех низ повеќе учебни години. Целта е да се утврди дали учениците одржуваат постојан успех и колку училишните активности, наставните методи и поддршката влијаат на стабилноста на нивните постигнувања.<br>Податоците покажуваат дека успехот на учениците во двете |

| | | |
|---|---|---|
| | | последователни години од 2023/2024; 2024/2025 година останува во континуитет (среден успех). Ова укажува на добар континуитет, но кај одредени паралелки се забележува намалување, што може да се должи на промени во наставниот кадар, програмата или надворешни фактори.<br>Заклучок:<br>Континуитетот на успехот е во задоволителна состојба, но има простор за унапредување преку поголема интервенција кај учениците со осцилации во успехот и континуирана поддршка за наставниците. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Податоците од оценувањето се користат како основа за планирање и прилагодување на наставата.<br>❖ Наставниците ги користат резултатите и информациите од оценувањето за:<br>❖ подобрување на планирањата и реализација на наставата<br>❖ Идентификување на ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка<br>❖ Планирање на содржини за додатна и дополнителна настава<br>❖ Приспособување на наставните методи<br>Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 1.5 Вонаставни активности и натпревари | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢ Годишна програма за работа;<br>➢ Програми за вонаставни активности;<br>➢ Извештај од реализирани екскурзии;<br>➢ Педагошка евиденција и документација;<br>➢ Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>➢ Интервјуа/анкети со наставници, | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности | Вонаставните активности и учеството на учениците во натпревари претставуваат важен аспект на целокупниот образовен развој. Тие овозможуваат поттикнување на интереси, развој на социјални и креативни вештини и зајакнување на мотивацијата кај учениците.<br>Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на вонаставните активности кои се реализираат во текот на учебната година според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација.<br>Училиштето се грижи за задоволување на потребите и интересите на учениците, па затоа во изготвувањето на програмата учествуваат и претставници од ученичката заедница со свои предлози и идеи.<br>Во годишната програма исто така се изготвуваат и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците.<br>При реализацијата на вонаставните активности се изработуваат и дневни |

| | | |
|---|---|---|
| родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>➢ Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>➢ Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>➢ Увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјални мрежи | | подготовки во кои се опишани содржините и целите на активностите.<br>Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се еднодневни екскурзии, излети, училишни спортски клубови, секции, акции од хуманитарен карактер, детски организации, подмладокот на Црвен крст, активности поврзани со значајни датуми и проекти за личен и социјален развој. Сето тоа влегува во годишната програма за работа во училиштето.<br>Реализацијата на планираните активности е на задоволително ниво, со добра евиденција преку агенди, списоци на ученици, фотографии, извештаи од координатори и наставници.<br>На прашањето „Планот за воннаставни активности кои ги водам го изготвувам со учениците "21% од наставниците целосно се согласуваат .60% од наставниците се изјасниле дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците,15% не се согласуваат со ова тврдење и многу мал процент немаат информација .<br>Спроведена е анкета помеѓу родителите во која учествуваа 127 родители кои на прашањето„Моето дете е вклучено во воннаставни активности според сопствениот интерес"<br>Поголемиот дел од родителите 30% се изјасниле дека целосно се согласуваат училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти, акции и сл.) и дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности, според неговиот интерес.47% родители целосно се согласуваат ,13% не се согласуваат,10% родители незнаат или немаат информација. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Во воннаставните активности се вклучени сите ученици од различен пол,а исто така се планираат и реализираат заеднички работилници на ученици со вклученост и на родители за одбележување на значајни датуми, спортски активности и сл.<br>Ученичката заедница ја реализира својата програма преку разни активности поврзани со наставата и воннаставните активности во корелација со локалната средина со што учениците добиваат можности за дружење по разни<br>поводи на локално ниво. |
| ➢ Интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>➢ Список на ученици вклучени | Вклученост на учениците во изборот и во<br><br>планирањето на работата во воннаставните | За реализација на воннаставните активности се следат потребите и интересите на учениците. Содржините од воннаставните активности се евидентираат на посебна страна во дневниците на паралелките.<br>На прашањето во анкетата за ученици „Наставниците ме вклучуваат во подготвување и планирање на воннаставните активности" од вкупно 127 анкетирани ученици поголем дел од учениците или 75% се изјасниле дека имаат избор на различни воннаставни активности и наставниците ги |

| | | |
|---|---|---|
| во воннаставни активности; | активности | вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности.. Помал дел од учениците15% се изјасниле дека не се согласуваат со ова тврдење и 10% се изјасниле дека не знаат или немаат информација. |
| ➢ Увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјални мрежи | Натпревари | Ученичките натпревари во текот на годината се организираат за да се утврдат постигањата на учениците во наставата и воннаставните подрачја. Овие натпревари се организираа на ниво на училиштето,а исто така учениците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. Постои евиденција на постигнати резултати, а најуспешните ученици добиваат пофалници, дипломи и сертификати И уште многу награди на ликовни и литературни конкурси од различни области. |

Опис/резиме на подрачјето:

Подрачјето 1 -ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ ги опфаќа клучните аспекти на образовниот процес: планирањето, реализацијата на наставата, искуствата на учениците, оценувањето и воннаставните активности. Во училиштето „Панко Брашнаров“ – Велес, наставниот процес е структуриран, следен и поддржан со релевантни документи, податоци и инструменти. Наставниците работат согласно законските прописи, користат современи методи на работа и активно работат за унапредување на својот професионален развој.

1.1 Планирање на наставата

Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците изготвуваат годишни, неделни и дневни планови во согласност со националните програми и Концепцијата за основно образование. Планирањето се следи најмалку двапати по полугодие од страна на директорот и стручната служба, која обезбедува повратна информација. Размената на искуства во рамките на стручните активи е редовна, а планирањето се потпира и на податоци од анкети со наставници.

1.2 Наставен процес

Наставата се реализира според утврдениот календар и е прилагодена на индивидуалните потреби на учениците. Наставниците користат различни приоди: учење преку истражување, проекти, игра и дигитални алатки. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат. Посебен акцент се става на инклузивноста, каде што учениците со посебни потреби се вклучени преку ИОП и добиваат поддршка од образовни асистенти и инклузивниот тим во училиштето. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар ПОУ„Маца Овчарова“од Велес.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците, а според тоа се прави распоредот за наставниците.

1.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, поддржувачка и мотивирачка средина. Поттикнати се да размислуваат критички, да поставуваат прашања и активно да учествуваат на реализацијата на часот. Атмосферата во училниците е позитивна и прилагодена

| |
|---|
| на различните образовни потреби. Стручната служба и наставниците идентификуваат и поддржуваат надарени ученици, како и ученици со потешкотии во учењето.<br>Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање.<br>Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување сите ученици за време на наставните часови.<br>Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во ГПРУ и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Одделенските раководители во текотна годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се одделенски раководители планираат и реализираат работилници во рамките на нивните предмети.<br>1.4 Оценување како дел од наставата<br>Оценувањето се спроведува според законските прописи и вклучува различни методи: сумативно, формативно оценување, самооценување, меѓусебно оценување.Наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно и сумативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Учениците и родителите се редовно информирани за постигнувањата, а резултатите од оценувањето се користат за прилагодување на наставата и за идентификување на ученици со потреба од поддршка. Сепак, има простор за поголема вклученост на учениците во процесот на оценување. Според одговорите во интервјуто со директорот и стручната служба, според анкетата за ученици, најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена, им објаснуваат зошто добиле одредена оцена, ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување и ги пофалуваат за нивниот труд. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и Главна книга<br>1.5 Вонаставни активности и натпревари<br>Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на вонаставните активности, кои се реализираат во текот на целата учебна година. Содржините на вонаставните активности се евидентираат во дневниците на посебна страна за тоа.Училиштето нуди богата палета на вонаставни активности: екскурзии, спортски клубови, културни манифестации, проекти со мултикултурна димензија и натпревари. Учениците се активно вклучени во изборот и реализацијата на овие активности, што позитивно влијае врз нивната мотивација и социјален развој. Дел од учениците учествуваат и на натпревари на општинско, регионално и државно ниво. |
| СИЛНИ СТРАНИ:<br>❖ Висока професионалност и ангажираност на наставниот кадар<br>❖ Наставниците редовно учествуваат во стручни усовршувања, активно соработуваат во рамки на стручни активи и добиваат поддршка од стручната служба и директорот.<br>❖ Развиени механизми за планирање и следење на наставниот процес<br>❖ Постои јасна структура за планирање (годишни, тематски и дневни планови), редовно следени и поддржани од стручната служба<br>❖ Квалитетна инклузија на ученици со посебни образовни потреби<br>❖ Обезбедени се ИОП, модифицирани програми, поддршка од образовни асистенти и функционален инклузивен тим.<br>❖ Мултикултурна и инклузивна атмосфера во училиштето<br>❖ Училиштето промовира еднаквост, толеранција и меѓуетничка интеграција преку различни наставни и вонаставни активности.<br>❖ Разновидни вонаставни активности и натпревари<br>❖ Учениците имаат можност за вклучување во активности според сопствени интереси, со активно учество во спортски, културни и хуманитарни проекти како и натпревари на општинско, регионално и државно ниво. |
| СЛАБИ СТРАНИ: |

| |
|---|
| ❖ Недостасува современа опрема и дел од инфраструктурата не е соодветно приспособена, особено за ученици со физички хендикеп<br>❖ Разлики во дигиталната компетентност кај наставниците, некои наставници не применуваат современи дигитални алатки и пристапи во наставата, што доведува до нерамномерна примена на иновативни методи. |
| ПРИОРИТЕТИ:<br>❖ Обезбедување подобра материјално-техничка опременост и пристапност во училиштето<br>(Вклучува модернизација на наставните простории, прилагодување на инфраструктурата за лица со попреченост)<br>❖ Континуирана обука за наставниците за примена на иновативни методи и дигитални алатки<br>(Да се обезбеди плански пристап за надградба на дигиталните вештини на целиот наставен кадар). |

Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1** Постигања на учениците<br>**2.2** Мерки за подобрување на постигањата |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 2.1 Постигања на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци<br>➢Записници од советувања на родители и ученици;<br>➢ Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>➢ Е-дневник;<br>➢Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.<br>➢Извештаи од одржани часови за дополнителна и додатна настава;<br>➢Формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици;<br>➢Програма за советување на ученици во основните училишта и нивните родители/старатели<br>➢Анкети од наставници, родители, ученици</td><td>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди</td><td>Училиштето ги следи постигањата и поведението на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди по години и паралелки. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети и тоа според полот и етничката припадност на учениците.
<table>
<tr><td>Учебна година</td><td>Среден успех</td></tr>
<tr><td>2023/2024</td><td>3,92</td></tr>
<tr><td>2024/2025</td><td>3,86</td></tr>
</table>


<table>
<tr><td>Ниво</td><td>2023/2024</td><td>2024/2025</td></tr>
<tr><td>Високо ниво</td><td>101</td><td>102</td></tr>
<tr><td>Средно ниво</td><td>33</td><td>33</td></tr>
<tr><td>Ниско ниво</td><td>63</td><td>70</td></tr>
<tr><td>Неоценети ученици</td><td>32</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Вкупно ученици</td><td>229</td><td>235</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Во учебната 2023/2024 година, просечниот успех на учениците изнесува 3,92, додека во 2024/2025 година е малку намален на 3,86.<br>Иако разликата е мала, сепак укажува на потреба од дополнителна поддршка за подобрување.<br>Ученици со високо ниво на успех:<br>❖ Бројот на ученици со високо постигнување останува речиси ист (101 → 102), што е позитивен индикатор дека училиштето успешно ги одржува повисоките постигања.<br>❖ Ученици со ниско ниво на успех:<br>❖ Забележан е пораст на ученици со ниско ниво на успех: од 63 на 70 ученици, што укажува на зголемена потреба за интервенции преку дополнителна настава и поддршка.<br>❖ Неоценети ученици:<br>❖ Бројот на неоценети ученици е намален од 32 на 30, што покажува подобрување во следењето и евиденцијата.<br>Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br>Постигнатиот успех на учениците од I –III одделение се бележи со описна оцена, успехот на учениците од IV-VI одделение се бележи со комбинирано оценување (на крај година бројчана оцена) и успехот на учениците од VII-IX одделение се бележи со |

| | | |
|---|---|---|
| | | бројчана оцена.<br>Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди, испитаниците посочуваат дека училиштето ги следи постигнувањата на учениците. Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по различен пол и етничка припадност доминира уверувањето дека училиштето не ги следи постигнувањата на учениците според наведените критериуми.<br>Анкета од родители<br>На прашањето „*Училиштето планира и презема конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците“* целосно се согласувам одговориле 36,7%, се согласувам одговориле 50%, не се согласувам одговориле 3,3%, воопшто не се согласувам одговориле 0,8% и немам информација одговориле 9,2% |
| | Резултати од екстерни | Училиштето е дел од Екстерното тестирање (TIMSS - Trends in International Mathematics and Science Study) на Државниот испитен центар. Во 2022/23 се реализираше пробно тестирање по предметите математика и природни науки на 38 ученика од IV-а и IV-в. Во учебната 2023/24 беше извршено екстерно тестирање на 38 ученика од V-а и V-в по предметите математика и природни науки (резултатите од тестирањата не се објавени на ДИЦ). Оваа учебна година во нашето училиште на 9.4.2025 година се спроведе меѓународно ПИСА тестирање на 9 ученици родени во 2009 година. Овие резултати нема да бидат објавени јавно, но ќе се користат за мерење и оценување на практичното применливо знаење што го стекнуваат учениците во образовниот систем во матичната земја. Преку ова тестирање се оценува подготвеноста на учениците за животот како возрасни и се мери научната писменост во наука, математика и писменост за читање, а од оваа година ПИСА ќе го мери и учењето во дигиталниот свет. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Училиштето има развиена јасна практика за препознавање и поддршка на ученици кои покажуваат тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби (ПОП), како и ученици со изразени способности и таленти. Соработката со родителите е клучен дел од процесот на следење и напредок на овие ученици.<br>Процесот на идентификација започнува уште при уписот во прво одделение, преку: |

| | | |
|---|---|---|
| | | ❖ прашалници што ги пополнуваат родителите и укажуваат на можни тешкотии,<br>❖ стручни мислења од релевантни установи (како Завод за ментално здравје),<br>❖ документи од стручни тела според Меѓународната класификација на функционирање (МКФ),<br>❖ медицинска документација.<br>Доколку по почетокот на наставата се појават индикации за потешкотии, наставниците иницираат консултации со ученикот и родителот за навремена поддршка.<br>За учениците со ПОП се оформуваат инклузивни тимови кои изработуваат индивидуализирани образовни програми. Во тие програми се опфаќаат:<br>❖ активностите што ќе се спроведуваат,<br>❖ временската рамка,<br>❖ очекуваните постигнувања прилагодени според можностите на ученикот,<br>❖ вклучените наставници и нивните одговорности.<br>Кај некои ученици со ПОП, наставните содржини се прилагодуваат или се реализираат според индивидуални програми, по препорака на стручните тимови согласно МКФ.<br>Надарените ученици се идентификуваат преку внатрешна процедура за талентирани ученици, а наставниците користат сопствени алатки и чек-листи за следење и поддршка на нивниот развој.<br>Анализа од анкета на наставници<br>❖ На прашањето „*Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето“*100% одговориле дека се согласуваат со овој исказ.<br>❖ На прашањето *„Успевам да ги идентификувам надарените ученици“ 100%* одговориле дека се согласуваат со овој исказ.<br>Анализа од анкета на родители<br>❖ На прашањето *„Наставниците од училиштето им даваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби “* целосно се согласувам одговориле соодговориле 44,2% , се согласувам 45%, не се согласувам 9,2%, немам информација 1,7%<br>❖ На прашањето *„Училиштето има стратегија за* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *идентификување на надарени ученици и организира додатна настава за овие ученици“* целосно се согласувам одговориле 35,8%, се согласувам 37,5%, не се согласувам 7,5%, воопшто не се согласувам 0,8%, немам информација 18,3%. |
| | Известување на родителите/старателот е за постигањата на учениците | Соработката помеѓу училиштето и родителите е клучна за постигнувањето и целокупниот развој на учениците. Кога родителите се информирани и вклучени во образовниот процес, учениците добиваат посилна поддршка, се зголемува нивната мотивација и подобро се справуваат со предизвиците во учењето. Затоа, информирањето на родителите за напредокот и постигањата на учениците претставува важен сегмент од ефективната наставна практика.<br>❖ Според резултатите од анкетниот лист за наставници добиени се следниве информации:<br>97,6% „*редовно ги информираат родителите за напредокот на нивното дете*“.<br>76,2% сметаат дека „*родителите ја користат можноста да разговараат за постигнувањата*“.<br>69,1% сметаат дека „*соработката со родителите е продуктивна“*.<br>Само 69,1% сметаат дека „*родителите проактивно бараат совети за подобрување на учењето“.*<br>❖ Според резултатите од анкетниот лист за родители добиени се следниве информации:<br>94,1% се согласуваат дека „*наставниците ги информираат учениците за нивните постигнувања*.“<br>96,7% сметаат дека „*родителските средби се навремени и добро организирани“.*<br>84,2% веруваат дека „*училиштето има инструменти за следење на постигањата“.*<br>Над 10% немаат информација дали овие инструменти функционираат.<br>❖ Според резултатите од анкетниот лист за ученици добиени се следниве информации:<br>92,8% одговориле дека „*нивните родители добиваат известувања за напредокот“*.<br>Ова укажува на добра усогласеност помеѓу ученици, наставници и родители. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢ Училишни програми и извештаи<br>➢ Записници од стручната служба на училиштето<br>➢ Анализи на успехот<br>➢ Програми за дополнителна и додатна настава<br>➢ Е Дневник<br>➢ Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>➢ Табеларни прикази на редовноста на учениците, постигнат успех по предмети, пол, националност<br>➢ Анкети од наставници, родители и ученици<br>➢ Разговор со педагог и психолог<br>➢ Годишна програма за работа на стручната служба | Редовност во наставата | Училиштето систематски го следи редовното доаѓање на учениците во одделенските дневници според На Советот на одделенски и предметни наставници, одделенските и раководителите на паралелката даваат извештај за редовноста на учениците, при што се врши анализа на причината за отсуството. Секојдневно се бележи отсуството на учениците во дневникот на паралелката (Е-дневникот). Се анализираат причините за отсуството и навреме се превземаат конкретни активности за обезбедување редовност. Одделенскиот раководител и раководителот на паралелката се обраќаат кај родителот, прибираат информации зошто ученикот отсуствувал. Ако нема повратна информација се вклучува стручната служба и по службен пат испраќа покана до родителите. Доколку има потреба училиштето се обраќа и до Центарот за социјална работа. Училиштето организира советување на родителите по основ на нередовно доаѓање на настава и намален успех.<br>Постигнувањата на учениците се директен показател за квалитетот на наставниот процес, но и за ефективноста на поддршката која ја добиваат. За да се унапреди успехот на учениците, потребно е училиштето систематски да применува мерки кои одговараат на нивните индивидуални потреби. Во процесот на унапредување важна е вклученоста на сите чинители: наставниците, родителите и самите ученици.<br>❖ Според резултатите од анкетниот лист за наставници добиени се следниве информации:<br>100% изјавиле *„дека ги адаптираат наставните методи според потребите на учениците“*. 100% *„користат различни стратегии за мотивација на ученици со потешкотии“*. 100% *„даваат насоки на родителите како да им помогнат на децата во учењето“*. 100% *„ги охрабруваат учениците критички да размислуваат и самостојно да решаваат проблеми“*. 100% *„применуваат повратни информации и диференцирана настава“*.<br>❖ Според резултатите од анкетниот лист од родители добиени се следниве информации:<br>94,2% се согласуваат дека *„наставниците обезбедуваат* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *поддршка на ученици со тешкотии, талентирани и ученици со попреченост“.*<br>75% потврдиле дека *се „организира дополнителна настава во текот на годината“*.<br>73,3% сметаат дека „*училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици*“.<br>93,4% се согласуваат дека „*наставниците поттикнуваат индивидуален напредок кај учениците“*.<br>❖ Според резултатите од анкетниот лист од ученици добиени се следниве информации:<br>85,5% изјавиле дека „*наставниците ги поттикнуваат на подобрување на успехот*“.<br>81,5% добиле „*дополнителна настава по барање кога не можат да совладаат материјал*“.<br>93,8% изјавиле дека „*наставниците објаснуваат материјалот на различни начини за полесно разбирање“.*<br>72,1% изјавиле дека „*им се нудат дополнителни часови ако сакаат да научат повеќе“* |

| Тип на изостанок | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|
| Оправдани | 17555 | 21482 |
| Оправдани по ученик | 24 | 31 |
| Неоправдани | 1325 | 3122 |
| Неоправдани по ученик | 2 | 4 |
| Вкупно | 18880 | 24604 |
| Вкупно по ученик | 26 | 34 |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Вкупниот број на изостаноци е зголемен од 2023/2024 споредбено со 2024/2025, овој тренд може да укажува на неодговорно однесување кај учениците, недоволна родителска контрола, или недоволна интервенција од страна на училиштето во одредени одделенија. Посебно внимание треба да се посвети на одделенијата со најголем пораст на неоправдани изостаноци. |
| | Советување на родители/ старатели на ученици | Наставниците од нашето училиште како и педагошко – психолошката служба имаат одлична соработка со родителите/старателите на учениците. Сите одделенски раководители одржуваат редовни родителски средби за успехот, поведението и дисциплината на учениците. Секој предметен наставник реализира редовни индивидуални средби и советувања со родителите. Училишниот психолог реализира советувања на родители / старатели на учениците во две категории; намален успех (три слаби оцени и повеќе ) и нередовно доаѓање на училиште. Во текот на првото полугодие на групните советувања се појавиле 70 родители.<br>Резултатите од спроведената анкетата покажуваат висок степен на соработка и комуникација помеѓу наставниците и родителите/старателите во нашето училиште. Бројот на наставници кои целосно се согласуваат со тврдењето дека им даваат јасни насоки на родителите за помош во учењето на учениците, како и нивната редовна информираност за напредокот на учениците, е значително висок. Ова укажува на |

| | | |
|---|---|---|
| | | тоа дека наставниците во нашето училиште активно се ангажираат и се стремат да изградат конструктивен и поддржувачки однос со родителите. Тоа, пак, создава поволни услови за учениците да имаат поголем успех во учењето, бидејќи родителите добиваат информации кои им помагаат да бидат посветени на процесот на учење на своите деца.<br>Од друга страна, резултатите од анкета за родителите/старателите исто така се позитивни, особено во однос на организираноста и ефективноста на родителските средби. Високото ниво на задоволство кое го искажаа родителите во однос на навременоста и добро осмислената организација на овие средби укажува на тоа дека училиштето ги цени мислењата на родителите и ги вклучува во процесите кои се однесуваат на образованието на нивните деца. Ова претставува основа за натамошна изградба на партнерски однос кој е од клучна важност за успехот на учениците.<br>Според резултатите од анкетниот лист за наставници:<br>❖ На тврдењето “*На родителите им давам јасни насоки како да му помогнат на своето дете во учењето*“,од вкупно 42 анкетирани наставници, со целосно се согласувам одговориле 20 наставници или 47,6%,со Се согласувам одговориле 22 наставници или 52,4% .<br>❖ На тврдењето “*Редовно ги информирам родителите за напредокот на нивното дете*“од вкупно 42 анкетирани наставници, со целосно се согласувам одговориле 21 наставници или 50% ,со се согласувам одговориле 20 наставници или 47,6%, со не се согласувам одговорил 1 наставник или 2,4% .<br>Според резултатите од анкетниот лист за родители/старатели<br>❖ На тврдењето “*Родителските средби се навремени, добро организирани и осмислени* “,од вкупно 42 анкетирани наставници, со целосно се согласувам одговориле 25 наставници или 60%,со се согласувам одговориле 15 наставници или 36,7%, со не се согласувам одговорил 1 наставник или 2,5% . |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната | Училиштето постојано работи на подобрување за постигнувањата на сите ученици освен со редовната организира дополнителна и додатна настава. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. За дополнителната настава се |

| | | |
|---|---|---|
| | настава | изготвуваат и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети. Во училиштето се реализира дополнителна настава за ученици на кои им е потребно. Во нашето училиште се организира и додатна настава за учениците кои сакаат да научат нешто повеќе.<br>Според резултатите од анкетниот лист за наставници:<br>❖ На тврдењето „*Наставниците редовно разменуваат идеи и искуства со други наставници за подобрување на наставата*",од вкупно 42 анкетирани наставници, со целосно се согласувам одговориле 17 наставници или 40,5%,со се согласувам одговориле 24 наставници или 57,1%,со не се согласувам одговориле1 или 2,4%.<br>❖ На тврдењето „*Учениците се мотивирани да учествуваат во дополнителни активности што ги организираме",*од вкупно 42 анкетирани наставници, со целосно се согласувам одговориле 13 наставници или 31%,со се согласувам одговориле 26 наставници или 61,9%,со не се согласувам одговориле 1 наставник или 2,4%.<br>Според резултатите од анкетниот лист за родители/старатели:<br>❖ На тврдењето „*Училиштето во текот на цела година по сите предмети организира дополнителна настава",* од вкупно 120 анкетирани родители, со целосно се согласувам одговориле 39 родители или 32,5%,со се согласувам одговориле 51 родители или 42,5%,со не се согласувам одговориле 5 родител или 8,3%.<br>❖ На тврдењето „*Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците",* од вкупно 120 анкетирани родители, со целосно се согласувам одговориле 44 родители или 36,7%,со се согласувам одговориле 60 родители или 50%,со не се согласувам одговорил 4 родител или3.3 %.<br>❖ На тврдењето „*Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и реализира додатна настава за тие ученици",* од вкупно 120 анкетирани родители, со целосно се согласувам одговориле 43 родители или 35,8%,со се согласувам одговориле 45 родители или 37,5%,со не се согласувам одговориле 9 родители или 7,5%.<br>❖ На тврдењето „*Наставниците од училиштето обезбедуваат поддршка во редовната настава за учениците кои имаат* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *потешкотии во учењето“,* од вкупно 120 анкетирани родители, со целосно се согласувам одговориле 48 родители или 40%,со се согласувам одговориле 51 родители или 42,5%,со не се согласувам одговориле од 7или 5,8%.<br>Според резултатите од анкетниот лист за ученици:<br>❖ На тврдењето *„Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини“,* од вкупно 97 анкетирани ученици, со целосно се согласувам одговориле 51 ученика или 52,6%,со се согласувам одговориле 40 ученика или 41,2%,со не се согласувам одговориле 3 ученика или 3,1%.<br>❖ На тврдењето *„Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови“,* од вкупно 97 анкетирани ученици, со целосно се согласувам одговориле 30 ученика или 30,9%,со се согласувам одговориле 40 ученика или 41,2%,со не се согласувам одговориле 13 ученици или 13,4%. |

Подрачје 2: Постигања на учениците

| |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето<br>Податоците за постигањата на учениците континуирано се следат и анализираат. Од статистичката обработка на податоците се изготвуваат анализи и писмени извештаи со препораки за подобрување на постигањата на учениците. Успехот на ученикот по наставни предмети ги утврдува одделенски и наставнички совет, а родителот на ученикот се информира преку евидентен лист. Училиштето ги анализира постигањата на учениците кои се оценуваат описно и учениците кои се оценуваат нумерички (според пол и етничка припадност), а деталната анализа е дел од училишната документација. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната содржина се реализираат часови за дополнителна настава. Учениците кои покажуваат поголеми способности и напредок во воспитно- образовниот процес се реализираат часови за додатна настава, според интересите и можностите. Напредокот во постигањата на учениците го следат одделенските раководители и педагогот и психологот, тие навремено ги известуваат родителите и ги повикуваат на консултации и советувања. Исто така со учениците со потешкотии во напредокот се реализираат советувања, консултации и се организира дополнителна настава.<br>Училишниот психолог континуирано реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех. Стручната служба и наставниците, континуирано обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. |
| Силни страни<br>❖ Училиштето континуирано го следи присуството на учениците и преку соработка со родителите и надлежните служби превзема мерки за намалување на неоправданите отсуства.<br>❖ Училиштето навремено ги информира родителите/старателите за успехот и напредокот на нивните деца.<br>❖ Во училиштето се спроведуваат редовни проценки за успехот, присуството и однесувањето на учениците – индивидуално, по одделенија и на ниво на целото училиште. |

| |
|---|
| ❖ Наставниците постојано се советуваат со стручната служба на училиштето со цел унапредување на резултатите на учениците.<br>❖ Поголемиот дел од наставниците обезбедуваат поддршка за учениците со потешкотии во совладување на материјалот, за талентираните ученици и за оние со развојни потешкотии, преку внимателно избрани активности според нивните способности и потреби.<br>❖ Во училиштето редовно се води и даваат информации до родителите преку Е-дневник.<br>❖ Редовно се следи постигнувањата на учениците по предмети во секој класификационен период.<br>❖ Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на нивните деца.<br>❖ По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните две учебни години.<br>❖ Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје, како и со Комисијата за Меѓународна класификација на функционалности во работата со децата со посебни потреби.<br>❖ Училиштето располага со податоци за бројот на ученици од заедницата и спроведува активности за активно вклучување на сите ученици во наставата.<br>❖ Постојат воспоставени процедури за препознавање на ученици со посебни образовни потреби.<br>❖ Училиштето има стратегија за откривање на талентирани ученици и организира додатна настава за нив.<br>❖ Училиштето ги следи резултатите на учениците според пол, етничка припадност, предмети и периоди.<br>❖ Постојат механизми за идентификување на ученици со потешкотии во учење, надарени ученици и ученици со пречки во развојот.<br>❖ Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности – наставни и вонннаставни – со ученици од различна етничка припадност, како во рамките на училиштето, така и во соработка со други училишта.<br>❖ Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби и планираат активности соодветни на нивните индивидуални потреби, кои се реализираат во редовната, додатната и дополнителната настава.<br>❖ Часовите за дополнителна настава придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците.<br>❖ Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел следење на напредокот и редовноста на учениците.<br>❖ Активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати. |
| Слаби страни<br>❖ Голем број на изостаноци кај одредени ученици<br>❖ За реализација на додатна и дополнителна настава постојат неколку потешкотии, а тоа најчесто е голем број на часови во тек на седмица<br>❖ Родителите не го отвараат редовно е-дневникот и да го следат напредокот на нивните деца<br>❖ На крајот на секоја учебна година не се организира свеченост на која се промовираат учениците кои постигнале високи резултати на натпревари и нивните наставници ментори. |
| Приоритети<br>❖ Намалување на големиот број изостаноци<br>❖ Подобрување на реализација на додатна и дополнителна настава<br>❖ Поттикнување на родителите за редовно и навремено да го отвараат е-дневникот за следење на напредокот на нивните деца<br>❖ Свечено промовирање на учениците и нивните ментори на крај на учебна година |

Табеларен приказ:

Бројна положба на учениците

| Учебна година | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|
| Број на ученици по пол | девојчиња-355<br>момчиња-363<br>Вкупно:718 | девојчиња-361<br>момчиња-354<br>Вкупно:715 |

| Учебна година | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Друго | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | М | ж | М | Ж |
| 2023-2024 централно | 35 | 667 | 166 | 136 | 3 | 7 | 26 | 32 | 139 | 154 | 2 | 2 |
| с.Башино Село | 3 | 22 | 12 | 10 | | | | | | | | |
| с.Караслари | 3 | 24 | 8 | 14 | | | 1 | 1 | | | | |
| с.Чалошево | 1 | 5 | 5 | | | | | | | | | |
| 2023-2024 вкупно | 42 | 718 | 191 | 160 | | | 27 | 33 | 139 | 154 | 2 | 2 |
| 2024-2025 централно | 35 | 668 | 173 | 142 | 6 | 9 | 19 | 40 | 130 | 145 | 2 | 2 |
| с.Башино Село | 3 | | 11 | 10 | | | | | | | | |
| с.Караслари | 3 | | 7 | 10 | 1 | 3 | | | | | | |
| с.Чалошево | 1 | | 5 | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024-2025 вкупно | 42 | 715 | 196 | 162 | 7 | 12 | 19 | 40 | 130 | 145 | 2 | 2 |

Успех на учениците

| Учебна година | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|
| Просечен-среден успех | 3,92 | 3,86 |

| Ниво | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|
| Високо ниво | 101 | 102 |
| Средно ниво | 33 | 33 |
| Ниско ниво | 63 | 70 |
| Неоценети ученици | 32 | 30 |
| Вкупно ученици | 229 | 235 |

| Тип на изостанок | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|
| Оправдани | 17555 | 21482 |
| Неоправдани | 1325 | 3122 |
| Вкупно | 18880 | 24604 |

Редовност на учениците-споредбена анализа

| Поведение/учебна година | 2023-2024 | 2024-2025 |
|---|---|---|
| Примерно | 589 | 581 |
| Добро | 9 | 7 |
| Недоволно | 10 | 8 |
| Неоценети | 110 | 119 |
| вкупно | 718 | 715 |

Поведение на учениците од прво до деветто одделение – споредбена анализа

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **3.1** Училишна клима<br>**3.2** Еднаквост и правичност<br>**3.3** Партнерски однос со заедницата<br>**3.4** Севкупна грижа за учениците |

ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Собирање податоци | | |
| --- | --- | --- |
| Индикатор 3.1 Училишна клима | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢ Написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br>➢ Пофалби,награди,признанија<br>➢ ФБ страна на училиште ;<br>➢ Веб страна на училиште | Углед/Имиџ на училиштето | Нашето училиште е училиште во кое владее позитивна и мотивирачка атмосфера за работа и учење. Сите субјекти во него даваат свој придонес во издигнување на училиштето на едно високо ниво во кое владее пријатна атмосфера за учење и развој. Врз основа на добиените податоци од анкетираните наставници, ученици, родители и стручната служба се утврдува дека училиштето гради добар углед во локалната заедница. Учениците активно се вклучени во многубројните вонаставни активности и училишни секции. Овие активности редовно се промовираат на фб профилот на училиштето, како и на училишната веб страна. Позитивните повратни информации, како и наградите и пофалбите кои училиштето ги добива за постигнувањата на учениците и наставниците, играат важна улога во создавањето на добриот имиџ на училиштето. |
| ➢ Статут на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување;<br>➢ Куќен ред на училиштето;<br>➢ Анкети со наставници, родители, ученици;<br>➢ Педагошка евиденција и документација на училиштето; | Кодекс на однесување | Училиштето има јасно дефиниран Кодекс на однесување како и Куќен ред во кои се поставени правилата и принципите кои треба да се почитуваат од страна на сите оние кои се вклучени во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, родители, административен персонал). Овие правилници се изготвени со учество на сите засегнати страни и нивното усвојување е транспарентно. Куќниот ред и Кодексот на однесување се поставени во ходниците и училниците на училиштето. На почетокот на учебната година истите се презентираат пред учениците, а на првата родителска средба и пред родителите. Доколку правилата |

| | | |
|---|---|---|
| | | за однесување се прекршат, училиштето превзема соодветни мерки за нивно непочитување. При спроведените анкети со наставниците, родителите и учениците, во однос на Кодекс на однесување добиени се следниве резултати:<br>❖ Анкетирани се 146 ученици по случаен избор. 42% од нив целосно се согласуваат дека во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување кои се почитуваат. 43% од анкетираните се согласуваат со ова тврдење. 8% од испитаниците не се согласуваат односно сметаат дека не се вклучени во донесувањето на правилата на однесување. 4% од анкетираните ученици воопшто не се согласуваат со тврдењето дека се вклучени во донесување на правила на однесување во одделението/училиштето. 3% од анкетираните ученици на ова одговориле со „не знам/немам информација“.<br>50% од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека се запознати со последиците доколку не ги почитуваат правилата на училиштето. 41% од учениците кои беа анкетирани се согласуваат односно се запознати со последиците доколку не ги почитуваат правилата на училиштето. 5% од анкетираните не се согласуваат односно не се запознати со последиците при непочитување на правилата во училиштето. 1% од анкетираните воопшто не се согласуваат со ова тврдење, а 3% од нив одговориле со „не знам/немам информација“.<br>❖ Од анкетирани 158 родители/старатели по случаен избор 38% целосно се согласуваат со тврдењето дека се запознати со кодексот н однесување во училиштето. 54% се согласуваат односно се запознати со кодексот на однесување во училиштето. 1% од анкетираните не се согласуваат со ова тврдење. 2% од анкетираните воопшто не се согласуваат односно не се запознати со кодексот на однесување во рамките на училиштето, а 5% од анкетираните родители/старатели одговориле со „не знам/немам информација“ на ова тврдење.<br>-22% од анкетираните родители целосно се согласуваат односно сметат дека имаат можност да придонесат за развој или ажурирање на содржината на кодексот на однесување. 51% од нив се согласуваат со ова тврдење. 7% од испитаниците не се согласуваат. 4% целосно не се согласуваат односно сметаат дека не се во можност да придонесат за развој или ажурирање на содржината на кодексот на однесување. 16% од анкетираните одговориле со „не знам/немам информација“ на ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ❖ Од анкетираните 56 наставници по случаен избор 14% целосно се согласуваат, односно имаат учество во изработка или ажурирање на кодексот за однесување во рамките на училиштето; 58,% се согласуваат со ова тврдење, а 18% не се согласуваат односно немаат учество во изработка на кодексот за однесување во училиштето. 1% од испитаниците целосно не се согласуваат со ова. 9% од анкетираните наставници одговориле со „не знам/немам информација" на ова тврдење.<br>-29% од анкетираните наставници целосно се согласуваат и сметаат дека училиштето соодветно постапува доколку дојде до прекршување на кодексот на однесување. 49% од испитаниците се согласуваат со ова тврдење, сметаат дека училиштето правилно постапува. 13% од анкетираните не се согласуваат со ова тврдење. 4% од анкетираните наставници целосно не се согласуваат со ова тврдење, односно сметаат дека училиштето не постапува соодветно при правење на прекршок на кодексот на однесување во училиштето. 5% од анкетираните на ова тврдење одговориле со „не знам/немам информација".<br>❖ При анкетирањето на психолошко-педагошката служба и директорот на училиштето се утврдува дека Кодексот на однесување е донесен на почетокот на учебната година, со усвојување на Годишниот план за работа на училиштето и вообичаено, сите ученици и вработени се придржуваат кон него. |
| ➢ Анкети со наставници, родители, ученици | Училишна клима | Училишната клима во нашето училиште е позитивна и поддржувачка, што се одразува во секој аспект на образовниот процес. Наставниците, учениците и родителите имаат отворена комуникација и соработуваат со цел да создадат амбиент кој го поттикнува учењето и личниот развој на секој ученик. Во училиштето владее атмосфера на почит и разбирање, каде што сите се мотивирани да придонесуваат за заедничкиот успех.<br>Учениците се охрабрени да ги изразуваат своите идеи, да учат и да се вклучуваат во различни активности кои ги развиваат нивните вештини и таленти. Наставниците се посветени на својата работа и секојдневно ги мотивираат учениците да се стремат кон највисоки стандарди. Родителите учествуваат во активностите на училиштето, што допринесува за напредокот на постигнувањата на учениците.<br>Оваа позитивна клима создава безбедно и инспиративно опкружување во кое секој ученик се чувствува вреднувано и |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддржано.<br>❖ При анкетирањето на учениците (146 ученици по случаен избор), на тврдењето „Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно“ 34% од учениците целосно се согласуваат со ова, 48% се согласуваат; 14% од анкетираните не се согласуваат со ова тврдење. 2% од анкетираните ученици воопшто не се согласуваат, односно сметаат дека не се сигурни и безбедни во училиштето, а 3% од испитаниците одговориле со „не знам/немам информација” .<br>-49% од анкетираните ученици целосно се согласуваат со тврдењето дека се чувствуваат прифатено од другите ученици. 40% од нив само се согласуваат,6 % од анкетираните ученици не се согласуваат со ова тврдење, 3% од анкетираните воопшто не се согласуваат, односно не се чувствуваат прифатено од другите ученици во училиштето. 2% од анкетираните ученици одговориле со „не знам/немам информација“.<br>❖ На тврдењето „Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците“ 45% од анкетираните ученици одговориле со „целосно се согласувам“, 47% одговориле „се согласувам“. Мал број од анкетираните ученици (7%) не се согласуваат со ова, односно не се чувствуваат прифатено од наставниците во училиштето. Ниту еден ученик не одговорил со „воопшто не се согласувам“, а 1% од анкетираните одговориле со “не знам/немам информација“.<br>36% од анкетираните ученици, целосно се согласуваат со тврдењето „Сакам да одам во училиште“. 46% од испитаниците се согласуваат, 7% од анкетираните ученици не се согласуваат со ова тврдење; 9% одговориле со „воопшто не се согласувам“, а само 1% од испитаниците одговориле со „не знам/немам информација“.<br>❖ На тврдењето „Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми“ добиени се следните податоци: 33% од анкетираните ученици одговориле со целосно се согласувам“, 47% со „се согласувам“, 14% не се согласуваат со ова тврдење, 3% од анкетираните ученици воопшто не се согласуваат и 3% одговориле со „не знам/немам информација“.<br>❖ Дека во училиштето владее позитивна клима, говорат и податоците добиени од анкетата спроведена на 158 родители по случаен избор. 52% од нив целосно се согласуваат, односно сметаат дека нивното дете сака да доаѓа во училиште; 47% се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат со ова тврдење. 1% од испитаниците не се согласуваат, сметаат дека нивното дете не сака да доаѓа во училиште. Ниту еден родител на ова тврдење не одговорил со „целосно не се согласувам“ и „не знам/немам информација“.<br>❖ Од анкетирани 56 наставници по случаен избор, 24% целосно се согласуваат со тврдењето дека „атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка“, 65% се согласуваат, 11% од анкетираните наставници не се согласуваат, сметаат дека работната атмосфера во училиштето не е позитивна и поттикнувачка. Ниту еден наставник на ова тврдење не одговорил со „целосно не се согласувам“ и „не знам/немам информација“.<br>На тврдењето „За време на моите часови има добра работна атмосфера“ 49% од анкетираните наставници целосно се согласуваат, сметаат дека за време на нивните часови има добра работа атмосфера. 47% од анкетираните се согласуваат со ова тврдење. 2% од испитаниците не се согласуваат со ова, а 2% целосно не се согласуваат, односно дека за време на нивните часови нема добра работна атмосфера. 0% од анкетираните наставници одговориле на ова тврдење со „не знам/немам информација“.<br>27% од анкетираните наставници целосно се согласуваат и сметаат дека имаат добра соработка со колегите во училиштето; 70% од испитаниците се согласуваат со ова тврдење; 3% од анкетираните наставници не се согласуваат со ова тврдење, сметаат дека немаат добра соработка со колегите во училиштето. Ниту еден наставник на ова тврдење не одговорил со „целосно не се согласувам“ и „не знам/немам информација“.<br>И стручната служба и директорот се согласуваат дека училишната клима е добра и има одлична соработка меѓу наставниот кадарот, без никакви закани, говор на омраза, навреди, провокации и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Кодекс на однесување во училиштето<br><br>➢Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br><br>➢Распоред на дежурства на наставниците за време на одморите | Поведение и дисциплина во училиштето | Поведението и дисциплината во училиштето се на задоволително ниво. Најголем број од учениците имаат примерно поведение, а во училиштето постои и Правилник за изрекување на педагошки мерки кој се применува во случај кога учениците не го почитуваат Куќниот ред и Кодексот на однесување. На извесен број ученици им се изречени педагошки мерки според овој правилник и тоа најчесто се: усна опомена од одделенски раководител, писмена опомена од одделенски раководител и укор од Одделенски совет, Наставнички совет и директор. Овие мерки најчесто се изречени за неоправдано отсуство од наставата.<br>Наставниците постојано се грижат за дисциплината и безбедноста на учениците, како за време на часовите така и за време на одморите кога учениците се пораздвижени. За таа цел, во училиштето постои распоред на дежурства на наставниците за време на одморите според кој секојдневно има дежурен наставник на секој кат и на секој крак од училишниот ходник. Секое нарушување на редот и дисциплината во училиштето се пријавува кај одделенскиот раководител, а ако е потребно реагира и стручната служба. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Со свои предлози и идеи учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање проблеми во училиштето. Во училиштето функционира и Ученичкиот парламент составен од претседателите на паралелките. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето.<br>Од страна на претставниците во Ученичкиот парламент, сите ученици навремено се информирани за сите работи кои се од нивен интерес. Претставници од Училишниот парламент редовно се повикувани на состаноците на Училишниот одбор. |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба;<br>➢Извештаи од спроведени активности | Познавање и почитување на правата на децата | Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Наставниот кадар и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ги знаат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. За време на одделенските часови, преку разни работилници предвидени според ОЖВ, се вложуваат огромни напори учениците да се информираат за своите права и обврски. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои |

| | | |
|---|---|---|
| за запознавање со детските права;<br>➢ Оперативен план за час (ОЖВ)<br>➢ Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките;<br>➢ Дневник за работа на стручните соработници; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | постојано се бара соработка.<br>Во училиштето има и ученички Правобранител кој е избран по пат на тајно гласање од страна на учениците од VI до IXодд. Ученичкиот правобранител врши заштита на правата на учениците и нивно почитување. Учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител кога имаат некаков проблем или некаква идеја за активност што може да се спроведе во училиштето.<br>При анкетирањето на 146 ученици по случаен избор,<br>❖ На тврдењето Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, со Целосно се согласувам одговориле 50 ученици, односно 34%, со Се согласувам одговориле 72 (50%), со Не се согласувам одговориле 15 (11%),со Воопшто не се согласувам одговориле 3 (2%),со Не знам/Немам информација одговориле 6 (3%).<br>❖ На тврдењето Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права, со Целосно се согласувам одговориле 69 (46%), со Се согласувам одговориле 65 (45%), со Не се согласувам одговориле 7 (5%),со Воопшто не се согласувам одговориле 4 (3%), со Не знам/Немам информација одговориле 3 (1%)<br>Од анкетирани 158 родители/старатели,<br>❖ На тврдењето „Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето“,со Целосно се согласувам одговориле 31 родител (20%), со Се согласувам одговориле 74 (47%), со Не се согласувам одговориле 22 (14%), со Воопшто не се согласувам одговориле 3 (1%) со Не знам/Немам информација одговориле 28 (18%) |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Наставниците редовно ги користат содржините од наставните програми за да ги промовираат личните и заедничките вредности кон кои треба да се стремат и да ги почитуваат учениците. Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите ученици без оглед на својата родова, национална, верска, етничка припадност подеднакво учествуваат во наставните и вонnаставните активности и уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. Праведноста се создава и со објективно и транспарентно оценување. При реализација на својата програма, стручната служба придонесува учениците да научат да ги препознаваат и да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст. Во училиштето се почитуваат половите разлики, социјалното и културното потекло. Постојано се води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот. Мултикултурните разлики се предмет на дискусија на |

| | | |
|---|---|---|
| | | часовите по речиси сите предмети во рамките на кои се изучуваат содржини поврзани со мултикултурализмот. Тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција учествува на сите активности поврзани со оваа проблематика, а активно се вклучени и поголемиот дел од наставниците. Во таа насока реализирани се голем број работилници. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон оние што се „различни“ од нас.<br>Резултати од спроведениот Анкетен лист за ученици<br>Анкетирани се вкупно 146 ученици<br>❖ На тврдењето Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, со Целосно се согласувам одговориле 71 (49%),со Се согласувам одговориле 61 (42%),со Не се согласувам одговориле 8 (5%),со Воопшто не се согласувам одговориле 3 (2%),со Не знам/Немам информација одговориле 3 (2%).<br>❖ На тврдењето Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици, со Целосно се согласувам одговориле 62 (42%), со Се согласувам одговориле 73 (50%), со Не се согласувам одговориле 7 (5%), со Воопшто не се согласувам одговориле 3 (2%), со Не знам/Немам информација одговориле 1 (1%)<br>❖ На тврдењето Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици, со Целосно се согласувам одговориле 69 (47%), со Се согласувам одговориле 69 (47%), со Не се согласувам одговориле 4 (3%), со Воопшто не се согласувам одговориле 3 (2%) со Не знам/Немам информација одговориле 1 (1%)<br>❖ На тврдењето Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник, со Целосно се согласувам одговориле 78 (53%), со Се согласувам одговориле 64 (44%), со Не се согласувам одговориле 3 (2%), со Воопшто не се согласувам одговориле 1 (%),со Не знам/Немам информација одговориле 0<br>❖ На тврдењето Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето, со Целосно се согласувам одговориле 84 (58%), со Се согласувам одговориле 48 (33%), со Не се согласувам одговориле 7 (5%),со Воопшто не се согласувам одговориле 2 (1%), со Не знам/Немам информација одговориле 5 (3%)<br>❖ На тврдењето Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем, со Целосно се согласувам одговориле 60 (41%), со Се согласувам одговориле 71 (49%), со Не се согласувам одговориле 9 (6%), со Воопшто не се согласувам одговориле 2 (1%), со Не знам/Немам |

| | | |
|---|---|---|
| | | информација одговориле 4 (3%).<br>Од анкетираните вкупно 158 родители/старатели,<br>❖ На тврдењето Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици, со Целосно се согласувам одговориле 68 (43%),со Се согласувам одговориле 81 (51%), со Не се согласувам одговориле 4 (3%), со Воопшто не се согласувам одговориле 3 (2%), со Не знам/Немам информација одговориле 2 (1%).<br>❖ 47% од родителите кои се анкетирани целосно се согласуваат, односно сметаат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците. 47% од анкетираните се согласуваат со ова тврдење. 3% од анкетираните не се согласуваат односно сметаат дека нивното дете не е прифатено од страна на наставниците. 2% од испитниците воопшто не се согласуваат со ова тврдење. 1% од анкетираните родители одговориле со „не знам/немам информација“ на ова тврдење.<br>❖ 41% од анкетираните целосно се согласуваат односно наидуваат на прифаќање на своето дете од страна на соучениците. 50% од анкетираните родители/старатели се согласуваат, сметаат дека нивното дете е прифатено од соучениците. 5% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење 3% од анкетираните целосно не се согласуваат, односно сметаат дека нивното дете не е прифатено од страна на соучениците. 1% од анкетираните родители/старатели одговориле со „не знам/немам информација“ на ова тврдење.<br>❖ На тврдењето Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици, со Целосно се согласувам одговориле 60 (38%), со Се согласувам одговориле 82 (52%), со Не се согласувам одговориле 10 (6%), со Воопшто не се согласувам одговориле 2 (1%), со Не знам/Немам информација одговориле 4 (3%)<br>❖ На тврдењето Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго, со Целосно се согласувам одговориле 74 (47%), со Се согласувам одговориле 77 (48%), со Не се согласувам одговориле 3 (2%), со Воопшто не се согласувам одговориле 1 (1%), со Не знам/Немам информација одговориле 3 (2%)<br>❖ На тврдењето Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, со Целосно се согласувам одговориле 47 (30%), со Се согласувам одговориле 84 (53%), со Не се согласувам одговориле 9 (6%), со Воопшто не се согласувам одговориле 3 (2%), со Не знам/Немам информација одговориле 15 (9%).<br>Од анкетираните 56 наставници,<br>❖ На тврдењето Реализирам работилници за запознавање на родителите |

| | | |
|---|---|---|
| | | со правата и обврските на децата, со Целосно се согласувам одговориле 18 %, со Се согласувам одговориле 60 %, со Не се согласувам одговориле 18 %, со Воопшто не се согласувам одговориле 0 %, со Не знам/Немам информација одговориле 4 %<br>❖ На тврдењето На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, со Целосно се согласувам одговориле 31%, со Се согласувам одговориле 65%, со Не се согласувам одговориле 2%, со Воопшто не се согласувам одговориле 2% со Не знам/Немам информација одговориле 0%<br>❖ На тврдењето Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман, со Целосно се согласувам одговориле 44%, со Се согласувам одговориле 54%, со Не се согласувам одговориле 0 %, со Воопшто не се согласувам одговориле 2%, со Не знам/Немам информација одговориле 0 %<br>❖ На тврдењето Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности, со Целосно се согласувам одговориле 42%, со Се согласувам одговориле 56%, со Не се согласувам одговориле 0 %, со Воопшто не се согласувам одговориле 0 %, со Не знам/Немам информација одговориле 2%. |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| ➢ Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен)<br>➢ Записници од советот на родители и родителски средби<br>➢ Анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници<br>➢ Статут на училиштето Интернет- страница на училиштето<br>➢ Договори и меморандуми за | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Во рамките на Годишната програма за работа на нашето училиште има Програма за соработка со родителите и Програма за соработка со локалната средина.<br>Училиштето користи разни видови комуникација со родителите: организирање индивидуални и заеднички родителски средби и состаноци, комуникација преку социјалните мрежи (вибер, месинџер), со заедничко учество на базари, хуманитарни акции, работни активности и инклузивен училишен тим. Родителите исто така се вклучени во работата на училиштето преку Советот на родители кој работи со своја програма, при што родителите се информираат за училишните активности во текот на годината, даваат предлози, мислење и сугестии за подобрување на воспитно – образовната работа. Родителите имаат свои претставници и во Училишниот одбор и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од |

| | | |
|---|---|---|
| соработка со општината и различни организации/институции | | родителите/старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето.<br>Врз основа на анкетите спроведени во училиштето се добиени следниве резултати: Анкетирани се 56 наставници кои<br>❖ На тврдењето Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето 35% целосно се согласуваат, а 58% се согласува, 5% не се согласува, 2% не знам / немам информација.<br>❖ На тврдењето Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес 71% одговориле дека се согласуваат, а 29 % од наставниците целосно се согласуваат.<br>❖ Со тврдењето Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата 23% целосно се согласуваат, а 57% се согласува, 11% не се согласува, 2% целосно не се согласувам, а 7% одговриле со не знам / немам информација.<br>Анкетирани се и 158 родители од I – IX одделение, кои<br>❖ На тврдењето Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето 17% одговориле дека целосно се согласуваат, 62 % се согласуваат, 8% не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат, а 11% не знаат/немаат информација за тоа. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето реализира активности со културни и образовни содржини наменети за родителите и жителите од средината во која работи. Дел од тие активности се: одбележување на Денот на училиштето со организирање на пригодна програма, организирање на спортски ученички натпревари, поставување на штандови со изработки од учениците наменети за продажба и сл. Исто така, училиштето активно учествува и во активностите реализирани од другите општински училишта и институциите од нашиот град. Дел од нив се следниве активности: ликовни и литературни конкурси организирани од другите општински училишта, изложби, промоции, хуманитарни акции, манифестации, посета на културни настани (театарски претстави, концерти), учество на манифестации по одредени поводи и др.<br>При спроведената анкета, на прашањето: Како училиштето соработува со заедницата, од страна на стручната служба добиени се следниве одговори: Одговара на поканите на заедницата, преку организирање на натпревари и разни активности, учество во манифестации и конкурси и освоени награди.<br>Нашето училиште е вклучено и во проектот “Квалитетно образование за сите”, преку Совет на Европа и МОН. Во поширокиот тим е вклучено и лице од Општина Велес. |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Куќен ред на училиштето<br>➢ Протокол за превенција и заштита од насилство<br>➢ Анкети со наставници, родители, ученици</td><td>Превенција и заштита од насилство</td><td>❖ Во текот на целата учебната година, училиштето работи на континуирано подобрување на сите области на грижата за учениците, преку редовна анализа на ефективноста на активностите и воведување нови мерки кога е потребно. Целта е да се создаде безбедна, здрава и поддржувачка средина која ќе придонесе за целосниот развој и благосостојба на секој ученик.<br>❖ Училиштето навремено реагира на било кој облик на насилство и конфликт меѓу учениците. Стручната служба води евиденција за појавени форми на насилство, постапува според протокол за превенција и заштита од насилство. Се води и евиденција за советодавно-консултативни разговори со ученици и родители. Редовно се спроведуваат и работилници и презентации за подигнување на свеста, решавање на конфликти без употреба на насилство и создавање на безбедна училишна средина. Училиштето соработува и со ЦСР Велес како и со МВР СВР-Велес.<br>❖ Наставниците на одделенските часови реализираат работилници од програма за ОЖВ за рещавање конфликти и спречување насилство. Исто така, учениците на одделенските часови се запознаваат со протоколите за спречување насилство како и за начините за пријавување на насилство.<br>За оваа проблематика анкетирани се 146 ученици по случаен избор<br>❖ Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето одговориле со целосно се согласувам 64 (44%),се согласувам 68(47%),не се согласувам 9 (6%),воопшто не се согласувам, а со не знам/ немам информација 5 (3% од анкетираните ученици).<br>❖ Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство со целосно се согласувам одговориле 62 ученици (42%), се согласувам 62 (42%),не се согласувам 16(12%),воопшто не се согласувам 2(1%) и не знам/немам информација 4(3% од анкетираните ученици)<br>Од анкетираните родители за оваа проблематика добиени се следниве резултати:<br>❖ 34 од вкупно 158 испитаници или 22% целосно се согласуваат со тврдењето дека се запознати со училишниот протокол за превенција и</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | постапување во случаи на насилство, 81(51%) се согласуваат односно се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство, 11(7%) од анкетираните не се согласуваат со ова тврдење. Само 1% од анкетираните воопшто не се согласуваат односно не се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство, а 30 (19%) од анкетираните родители/старатели одговориле со „не знам/немам информација“.<br>❖ Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти – со ова тврдење 19% од анкетираните родители целосно се согласуваат, 53% од нив се согласуваат, 4% од испитаниците не се согласуваат, 3% целосно не се согласуваат, а 21% од анкетираните одговориле со „не знам/немам информација“.<br>❖ Училиштето добро се справува при појава на насилство - 20% од испитаниците целосно се согласуваат, 53%се согласуваат, не се согласуваат 7%, целосно не се согласуваат 2% од анкетираните, а со „не знам/немам информација“ одговориле 18%. |
| ➢ Кодекс на однесување Годишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год.<br>➢ Анкети со наставници, родители, ученици | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | ❖ Во училиштето е забрането пушење, консумирање на алкохол и консумирање или дистрибуција на наркотични супстанци. На видни места има и истакнато знаци за забрането пушење. Се организираат и предавања на одредени теми поврзани со штетните последици од нивното користење. Во рамките на часовите по ОЖВ исто така се реализираат работилници кои укажуваат на штетните последици од користење на алкохол, цигари и дрога.<br>❖ Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати: При анкетирањето на учениците (146 ученици по случаен избор),<br>❖ На тврдењето „Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето,алкохолот и наркотичните средства“ 33% од учениците целосно се согласуваат со ова, 34% се согласуваат; 14% од анкетираните не се согласуваат со ова тврдење. 8% од анкетираните ученици воопшто не се согласуваат, а 11% од испитаниците одговориле со „не знам/немам информација”.<br>Исто така се изврши и анкетирање на 158 родители<br>❖ Во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол и дрога на ова тврдење 25% од анкетираните родители целосно се согласуваат, 46% се согласуваат, 7% не се согласуваат, 1% од нив целосно не се согласуваат 21% и не знаат/ немаат информација за ова.<br>И кај наставниците е извршено анкетирање:<br>❖ На тврдењето Учествувам во реализација на работилници со ученици за |

| | | |
|---|---|---|
| | | превенција од пушење, алкохол и дрога 24% одговориле со „целосно се согласувам“,48% со „се согласувам“, 13% со „не се согласувам“,2% со „целосно не се согласувам“ и не знам/немам информација-13%.<br>❖ Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна подршка и помош за решавање на проблемите- на ова, со „целосно се согласувам“ одговориле 40%, „се согласувам“- 51%, не се согласуваат 4%, целосно не се согласуваат 2% и со „не знам/немам информација“ одговориле 3% од анкетираните наставници.<br>❖ На прашањето до стручната служба и директорот Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога? Како ги проценувате ефектите? добиени се одговорите дека во училиштето континуирано се одржуваат ваков вид на работилници и дека ефектите од нив се добри. |
| ➢ Годишен извештај за работа на училиште 2024/2025 год. | Квалитет на достапна храна | Нашето училиште нема склучено договор за организирана исхрана на сите ученици освен за оние ученици што престојуваат во дневен престој. Исхраната за нив е доставувана навремено.<br>Останатите ученици сами се снабдуваат со храна. Дел од нив си носат од дома, а дел си купуваат од локалните сендвичари и пекари. Училиштето нема податоци за квалитетот на оваа храна. Промовирањето на здрава храна се реализира и преку интегрирање на Еко содржини во редовната настава како и на часовите по ОЖВ. |
| ➢ Полугодишен извештај за работа на училиште 2024/2025 год.<br>➢ Анкети со родители и ученици | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето редовно, според пропишаните стандарди, двапати годишно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Тоалетите, ходниците и скалите се чистат после големиот одмор и на крајот од смената. Училиштето редовно издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена и истите се чуваат и по потреба се доделуваат од страна на домаќинот на училиштето. Училниците постојано се проветруваат, а се чистат по завршувањето на секоја смена. Насекаде (во ходниците, во секоја училница, во училишниот двор) има поставено корпи за отпадоци кои редовно се празнат. Училишниот двор, во еден дел е хортикултурно уреден. Се организираат и еколошки акции со учениците за подигање на еколошката свест.<br>Сите вработени во училиштето редовно се упатуваат на систематски прегледи, според однапред утврден план. Секоја година за вработените се врши и санитарен преглед. Во соработка со Центарот за јавно здравје редовно се реализираат и систематски прегледи за учениците. Покрај систематските, се вршат и стоматолошки прегледи како и вакцинација според Календарот за имунизација.<br>Сепак, резултатите добиени од спроведената анкета меѓу учениците, родителите и наставниците укажуваат на тоа дека хигиената во училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | може и треба да биде на повисоко ниво.<br>На тврдењето Училиштето е чисто и уредно- 24% од анкетираните ученици одговриле со целосно се согласувам, 30% се согласувам, 31% Не се согласувам,14% Воопшто не се согласувам,1% не знам/немам информација<br>На тврдењето Хигиената во училиштето е на високо ниво само 17% од анкетираните родители одговориле со целосно се согласувам, 51%се согласувам, 20% со не се согласувам,9% со целосно не се согласувам и 3% одговориле со не знам/немам информација. |
| ➢Анкети со ученици | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училишниот простор е безбеден за одржување на настава. Училишниот двор е целосно покриен со видео надзор.Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Постои и план за евакуација во случај на елементарна непогода или друг вид на опасност.Планот за евакуација е закачен на видно место во училишните ходници. Има и панични светла во случај на прекин на електрична енергија. Училиштето има 3 функционални излези во случај на некоја опасност. На кровот од училиштето е поставен и фукционален громобран.<br>Дел од вработените имаат посетувано обука за безбедност и заштита при работа.<br>Во централното училиште има и тоалет наменет за ученици со посебни потреби, а постои можност и за користење на лифтот за учениците со попреченост кој е во сопственост на ОУРЦ „Маца Овчарова“<br>Од спроведената анкета меѓу родителите, на тврдењето: Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете- 28% од испитаните родители „целосно се согласуваат“, 66% се согласуваат,4% не се согласуваат, 1% целосно не се согласуваат и 1% не знаат/ немаат информација за ова тврдење. |
| ➢Полугодишен извештај за работа на училиште 2024/2025 | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во нашето училиште, често се организираат хуманитарни акции за помош на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. На овие ученици им се дава помош во вид на облека, храна и училиштен прибор. Кога е потребно, се организираат и акции во собирање на парични средства наменети за помош при лекување на некој ученик. Училиштето организираше и акција за собирање на парични средства за помош на повредените во пожарот во Кочани и истите беа предадени на Црвениот крст во Кочани со цел да бидат дадени онаму каде што е најпотребно. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Полугодишен извештај за работа на учииште 2024/2025 год | Грижа за учениците со здравствени проблеми | За учениците со посериозни здравствени проблеми училиштето добива информации од нивните родители. Родителите го информираат одделенските раководител, а одделенскиот раководител ги известува останатите наставници на ученикот за соодветниот здравствен проблем. Сите наставници со овие ученици работат со посебно внимание. Здравствената состојба редовно се контролира преку систематски прегледи и се врши задолжителна имунизација според програмата на Заводот за здравствена заштита Велес. Доколку на систематските прегледи се забележи некој здравствен проблем, училиштето го известува родителот.<br>На учениците, кои поради здравствени проблеми подолго време отсуствуваат од редовната настава, училиштето им овозможува полагање на одделенски испит, на крајот од учебната година. Голема помош добиваат и од соучениците, со испраќање на пишани материјали за учење како и со одржување на дополнителни часови откако ќе се вратат на настава.<br>За учениците со пречки во развојот се изготвуваат индивидуални образовни планови (ИОП) според нивните можности и ограничувања. За нив, во училиштето има образовни асистенти кои им помагаат во наставата.<br>Во однос на грижата за учениците со здравствени проблеми се работи и на часовите по ОЖВ, се работат работилници за физичкото и менталното здравје. Од страна на училишните психолози се нуди постојана поддршка на овие ученици. |
| ➢ Полугодишен извештај за работа на училиште 2024/2025 год<br>➢ Анкети со родителите | Грижа за социоемоционалната добросостојба на учениците | Стручната служба во училиштето е постојано достапна за поддршка на учениците. Преку советодавни разговори тие им помагаат на учениците кои се соочуваат со разни емоционални тешкотии, а редовно реализираат и активности и работилници за социо-емоционалото учење и унапредување на менталното здравје.<br>При анкетирање на стручната служба и директорот се добива слика дека овие ученици понекогаш сами доаѓаат и бараат помош од нив, а понекогаш се испраќани од самите наставници.<br>На тврдењето Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете 27% од испитаните родители „целосно се согласуваат“, 62% се согласуваат, 7% не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат и 2% не знаат/ немаат информација за ова тврдење |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Нашето училиште нуди значајна поддршка при изборот на понатамошното образование. Наставниците ги информираат учениците за конкурсот за запишување и критериумите за упис во средното образование.Претставници од средните училишта во градот го посетуваат училиштето и им даваат на учениците подетални информации за смеровите кои се изучуваат во нивното училиште, Исто така и учениците со |

| | | |
|---|---|---|
| | | своите наставници ги посетуваат средните училишта каде се запознаваат со смеровите и условите кои ги нудат овие училишта.<br>Од спроведената анкета за родителите, на тврдењето Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците 25% од нив одговориле „целосно се согласувам“, 57% се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласува со ова, а 13% од анкетираните родители одговориле дека не знаат/немаат информација |

| |
|---|
| СИЛНИ СТРАНИ<br>❖ Позитивна и мотивирачка училишна средина- 89% наставници, 99% родители и 82% ученици се согласуваат дека атмосферата е поттикнувачка и безбедна<br>❖ Обезбеден еднаков и правичен третман на сите ученици, без дискриминација- дури 95% од родителите се изјасниле дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго, а 91% од учениците се согласуваат дека Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици.<br>❖ Поддршка и доверба кон наставниците и стручната служба- Над 90% од учениците одговориле дека можат да се обратат за поддршка кога имаат проблем<br>❖ Грижа за ученици од социјално загрозени семејства- Преку организирани хуманитарни акциии училиштето обезбедува облека, храна, прибор и парична поддршка |
| СЛАБИ СТРАНИ<br>❖ Недоволна хигиена во одредени делови од училиштето<br>❖ Недоволна информираност и вклученост на сите родители во развојот на кодексот на однесување |
| ПРИОРИТЕТИ<br>❖ Подобрување на хигиенските услови, зајакнување на системот за одржување на хигиената на високо ниво и редовен мониторинг на хигиената во сите простории.<br>❖ Зголемена транспарентност и учество на родителите, поголема информираност и инклузија на родителите во процесите на донесување одлуки, особено во однос на правилниците и воспитните политики. |

Самоевалуација на училиштето: ООУ„Панко Брашнаров “-Велес

**Подрачје 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| Индикатор 4.1. Управување и раководење со училиштето | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
